Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-1150/18
16.11.2023 год.-viti

Врз основа на член 9-д и член 11 од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија”бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018, “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.220/2019), член 45 став 1 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија”бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), а согласно конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција по Јавен оглас бр.351/2023, директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работи и работни задачи на работното место со шифра АЦВ0101В01083 – Советник/Инспектор за технички средства, уреди и опрема за давање на услуги за воздухопловна навигација во Одделение за воздухопловна навигација во Сектор за аеродроми и воздухопловна навигација се избира кандидатот **Драгољуб Патчев** (Македонец/ка).
2. Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе биде објавена на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3. Именуваниот кандидат ќе стапи во работен однос по конечноста на оваа Одлука.

**Образложение**

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр.351/2023 за вработување на административни службеници, објавен на 22.09.2023 година во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха, за работното место со работното место со шифра АЦВ0101В01083 – Советник/Инспектор за технички средства, уреди и опрема за давање на услуги за воздухопловна навигација во Одделение за воздухопловна навигација во Сектор за аеродроми и воздухопловна навигација, формирана е Комисија за селекција која ја спроведе постапката за вработување.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција изготви конечна ранг листа на кандидати и достави до директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство Предлог за вработување на кандидати (бр.10-1702/7 од 24.10.2023г.) примено во Архива во Агенцијата за цивилно воздухопловство под бр.02-1150/17 од 15.11.2023г.

Директорот по разгледување на доставената конечна ранг листа од Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.351/2023 од Комисијата за селекција за вработување, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на веб-страницата и на Огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Агенција за администрација
- именуваниот
- досие
- архива

**Директор**

**д-р Томислав Тунтев**